# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

20 Мај 2020
Скопје
Број 8, година XV
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Мај, 2020 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за намера за користење на грант средства
од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП 2

1.Се објавува Одлуката за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП 2, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19.05.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3735/1
20.05.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода, на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 19 мај 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП 2

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за намената за користење на грант средства добиени преку Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП 2) за Реконструкција (рехабилитација) на коловоз на ул.1 во с. Усје – Општина Кисела Вода.

Член 2

Општина Кисела Вода средствата во висина од 12.760.703,00 МКД добиени како грант за успешна имлементација на под-проектот "Изградба на атмосферска канализација по улиците во населба Пржино", согласно Договорот за под-заем за Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП 2 проект), ќе ги искористи за Реконструкција (рехабилитација) на коловоз на ул.1 во с. Усје – Општина Кисела Вода.

Општина Кисела Вода ќе обезбеди дополнителни 5.800.000,00 МКД од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-3539/3
19 мај 2020 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства како
еднократна парична помош на Верица Крстевска

1.Се објавува Одлуката за за одобрување средства како еднократна парична помош на Верица Крстевска, донесена на Триесет и деветтата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19.05.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-3735/2
20.05.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), расправајќи по барањето на Верица Крстевска ул.,,Георги Димитров,, бр.17, Скопје под бр.09-2007/1 од 24.02.2020 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и деветтата пленарна седница одржана на 19 мај 2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства како еднократна парична помош
на Верица Крстевска

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-2007/1 од 24.02.2020 година на Верица Крстевска ул.,,Георги Димитров,, бр.17, Скопје и и се одобруваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ".

Број 09-3539/4
19 мај 2020 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ

ДН/РД

С О Д Р Ж И Н А:

1.Одлука за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП 2;
2.Одлука за за одобрување средства како еднократна парична помош на Верица Крстевска;